Пишува:
Александар КЕЛТАНОСКИ

# FORD KUGA







"Ford" го претстави новиот SUV Kuga, базиран на платформата на "Focus". Официјалната презентација и почетокот на продажбата се најавени заедно со Verve, на Саемот во Франкфурт, кој ќе се одржи во мај. "Ford" планира годишно да се произведуваат околу 60.000 примероци, но сепак заостанува зад конкуренцијата - "Toyota", "Honda" и "Nissan" на пазарот веќе ги понудија своите возила од оваа категорија, но и најавата на "Peugeot", VW Tiguan, Volvo C60 ќе ја зголеми и така големата конкуренција. Во централната конзола е планиран седуминчен дисплеј, слично како кај Mondeo, S-Max и Galaxy. Купувачите можат да изберат погон на предната осовина, или погон на сите четири тркала за кој ќе се доплатува. Мотори кои ќе го движат теренецот се 2.0 литарскиот дизел со 134 кс и шестстепен рачен менувач. Други детали не се официјално објавени, но се претпоставува дека ќе го преземат и 2.0 литарскиот 5 цилиндричен бензински мотор кој се вградува во Focus ST. Исто така, предвиден е и хибрид. Клима уредот, погонот на сите четири тркала, 19-инчните бандажи, металик бојата се само дел од списокот на дополнителна опрема.



# VOLVO S80 EXECUTIVE



Со моделот S80 Executive шведскиот производител влегува во ултралуксузниот сегмент на возила, но не ги заборава и своите темелни вредности - безбедноста и модерниот дизајн. "Volvo" одамна е познат по производство на безбедни автомобили со врвен квалитет, но конечно дојде време да се истакне како производител на автомобили од луксузната категорија. Кај Volvo S80 Executive шведскиот луксуз е дискретен и едноставен, со фини детали и интелигентна функционалност, а сè е во согласност со филозофијата на брендот - вистинската убавина доаѓа од внатре. Цел на "Volvo" е со S80 на патниците да им понуди удобно, динамично и безбедно возење, со целосна контрола над автомобилот. Ова е прв модел на "Volvo" со ACC и CWBS систем за предупредување при сопирање пред судар. Системот одржува избрано растојание со возилото, кое се наоѓа напред. Доколку растојанието драстично се намали и се создаде можна опасност од судар, системот го предупредува возачот, а сопирачките се наоѓаат во состојба на подготвеност.

## ФЛЕШ ВЕСТИ

### СИМУЛАТОР НА "TOYOTA" ВО АКЦИЈА

"Toyota" направи симулатор за возење за да го анализира однесувањето на возачот во различни ситуации, како што се, дремливост или при болест и во различни услови на возење на дожд, снег, магла, сонце... цел на симулаторот според инженерите во "Toyota" е да им помогне во развојот на нови технологии за активна безбедност со што ќе се намали бројот на несреќите. Вистински автомобил е сместен во куполата на симулаторот, која има екран од 360 степени каде се симулираат реалните ситуации при возење.


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

ДЕНТА НОВА

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија

Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com



SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA "